## Анкета за инфлациските очекувања

**Анкетата за инфлациските очекувања** опфаќа три групи испитаници: економски аналитичари, претпријатија и финансиски институции. Притоа, анкетниот прашалник содржи две прашања за мерење на инфлациските очекувања, едното со квалитативен, а другото со квантитативен карактер. На првото прашање за инфлациските очекувања испитаниците ги посочуваат насоката и степенот на промени на цените во споредба со промената во претходните 12 месеци[1]. Притоа, за мерење на квалитативните одговори се применува пристапот на веројатност на Карлсон и Паркин (1975), според кој се претпоставува дека при доволно голем број испитаници, очекуваната промена на цените е распределена нормално кај популацијата. На второто прашање, од испитаникот се бара прецизно да ја определи очекуваната просечна стапка на промена на цените во наредните две години[2]. Притоа, вкупната очекувана стапка се пресметува како обичен просек од одговорите на сите испитаници. Вака пресметаниот показател е корисен за добивање сознанија во поглед на насоката на движење на очекувањата на испитаниците.

Графикон 1.Нормална распределба на одговорите на испитаниците




Анкетата за инфлациските очекувања беше спроведена во март 2017 година[3]. Како и во претходниот анкетен циклус, **просечната стапка на инфлација за претходниот 12-месечен период[4] се задржа во негативната зона[5]. Притоа, резултатите од Анкетата упатуваат на непроменетост на инфлациските очекувања во однос на претходната анкета,** односно како и во декември, испитаниците очекуваат дека стапката на инфлација ќе биде околу 0% во следниот 12-месечен период. Очекувањата за стапка на инфлација од околу 0% се карактеристични за сите три групи испитаници (економски аналитичари, претпријатија и финансиски институции).

**Во однос на квантитативното прашање за очекуваната стапка на инфлација за 2017 и 2018 година, инфлациските очекувања на испитаниците за 2017 година се пониски за 0,1 п.п., додека за 2018 година се непроменети во однос на очекувањата во претходниот анкетен циклус.**

---

[1] Квалитативното прашање за очекувањата гласи: „Во споредба со изминатите 12 месеци, каква промена очекувате кај потрошувачките цени во следните 12 месеци? а) ќе имаат побрз раст; б) ќе растат со тековната динамика; в) ќе растат побавно; г) ќе останат речиси непроменети; д) ќе се намалат; ѓ) тешко е да се одреди".

[2] Прашањето со квантитативен карактер гласи: „Кои се Вашите очекувања/прогнози за просечната стапка на инфлација во 2017 и 2018 година?".

[3] Процентот на респонзивност на Анкетата спроведена во март изнесува 28,4% што, во споредба со претходниот квартал, преставува намалување на респонзивноста. Гледано по групи испитаници, кај финансиските институции респонзивноста е 55,6%, потоа следуваат економските аналитичари со 27,1% и претпријатијата со 24,5%.

[4] Се однесува на периодот март 2016 година до февруари 2017 година.

[5] Во услови кога ценовниот раст е негативен, толкувањето на резултатите од Анкетата може да биде нејасно, при што е неопходно да се промени методот на пресметка на показателот за инфлациските очекувања. Така, во процедурата за мерење се заменува негативната стапка со последната позитивна стапка на раст. На ваков начин се избегнува противречноста на одговорите од Анкетата коишто претпоставуваат позитивен ценовен раст. Имајќи предвид дека промените во методот се од чисто техничка природа, мерењето на квалитативните одговори за очекуваната стапка на инфлација во периоди кога инфлацијата е негативна треба да се земе со умерена доза на претпазливост, додека показателот за инфлациските очекувања како приближен.